20170350572

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член член 20 став 6 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 06/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015,192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016 и 142/2016), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 28 февруари 2017 година, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОСТАВОТ, НАДЛЕЖНОСТА И НАЧИНОТ НА РАБОТАТА НА ЛЕКАРСКИТЕ КОМИСИИ НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Правилникот за составот, надлежноста и начинот на работата на лекарските комисии на Фондот за здравствено осигурување на Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 82/2016) во членот 3 по ставот 6 се додава нов став 7 кој гласи:

„За својата работа членовите на лекарските комисии за оценка на привремената спреченост за работа и остварување на други права од задолжително здравствено осигурување добиваат паричен надоместок, чија висина се утврдува со решение на директорот на Фондот".

Член 2

Во членот 3 став 9 бројот: „8" се заменува со бројот: „9".

Член 3

Ставовите 7, 8 и 9 од членот 3 се пренумерираат и стануваат ставови 8, 9 и 10.

Член 4

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-3188/1
3 март 2017 година
Скопје

Управен одбор
Заменик на претседателот,
Ангел Митевски, с.р.